РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-123/2
18-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 3 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава добиена од непознат подносител, на 62-та седница одржана на 15.02.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапувањето по пријавата со број 12-5587/1 од 11.12.2019 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со архивски број 12-5587 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-5587/1 од 11.12.2019 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител.

Во пријавата се изнесени наводи кои се однесуваат на сомнежи за несовесно постапување и злоупотреба на службената положба и овластувања од страна на лицето ///, кој како благајник во подружницата на АД Пошта на Северна Македонија во Госитвар, на /// година не се појавил на работното место, затоа што незаконски присвоил /// денари од благајната. Изнесени се наводи за несовесно постапување и злоупотреба на службената положба и овластувања на директорот на претходно наведената подружница, службено лице ///, кој на вработениот ///, му овозможил да замине на работа во ///, а притоа не го прекинал неговиот работен однос, затоа што платата која овој вработен ја земал во тој период додека бил во ///, требало да ја

поделат меѓусебе. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Докази кон пријавата не се доставени.

Со цел остварување на своите законски надлежности, за овој конкретен случај, ДКСК, побара податоци, информации и документација од АД Пошта на Северна Македонија, на што доследно беше постапено со достава на се' што беше побарано.

ДКСК откако оцени дека располага со доволно факти и докази, пристапи кон утврдување на состојбите, па по оцена на секој одделен доказ и на сите докази во целина и извршената единечна и вкрстена анализа на сите познати факти, ги утврди следните состојби:

/// бил вработен како главен благајник во подружницата во Гостивар на АД Пошта на Северна Македонија. Неговиот работен однос престанал на /// година, поради незаконско присвојување /// денари од благајната, што било констатирано како кусок од страна на интерните служби. Случајот бил пријавен во Министерство за внатрешни работи. По преземените дејства, средствата во износ од /// денари биле вратени сметката на АД Пошта на Северна Македонија, со уплата од неговите роднини.

/// бил вработен како виш шалтерски работник во подружницата во Гостивар на АД Пошта на Северна Македонија. На /// година му престанал неговиот работен однос на негово барање.

Врз основа на горе наведеното, ДКСК оцени дека за случајот со ///, предметот нема елементи за натамошно надлежно постапување, од причина што состојбата била надмината со враќање на присвоените парични средства. До толку повеќе што случајот е пријавен во Министерство за внатрешни работи.

Наводите поврзани со работниот однос на ///, ДКСК ги оцени како целосно неосновани, заради што констатира дека во нема основ да покренува било какви дејствија од нејзина законска надлежност.

Заради сето погоре наведено, ДКСК одлучи да запре со постапувањето по овој конкретен случај, на начин како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.